**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Гувернер
Бр.02-27397/2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: 31. 08. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 5046 | 1 | |

Скопје, 29 август 2018 година

**До**
**г. Талат Џафери**
**претседател на Собранието на Република Македонија**

Почитуван г. Џафери

Со Народната банка на Република Македонија согласно член 46 од Законот за Народната банка на Република Македонија управува Советот на Народната банка, кој се состои од девет члена од кои еден е гувернерот, три вицегувернери со статус на извршни членови и пет неизвршни членови. Членовите на Советот, во согласност со член 49 од Законот, се именуваат за период од седум години со право на повторен избор. Вицегувернерите во согласност со член 49 став 3 од Законот ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на гувернерот.

Собранието на Република Македонија на седница одржана на 21 мај 2018 година со Одлука за именување гувернер на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.94/18) ја именуваше д-р Анита Ангеловска-Бежоска за гувернер на Народната банка на Република Македонија и со тоа таа престана да ја извршува функцијата на вицегувернер. Исто така, мандатот од седум години на друг вицегувернер му истече заклучно со 13 јули 2018 година.

Имајќи го предвид наведеното, во согласност со член 50 и 50-а од Законот за Народната Банка на Република Македонија, беше објавен јавен оглас за избор на двајца кандидати за вицегувернери. По спроведување на јавниот оглас, предлагам Собранието на Република Македонија за вицегувернери на Народната банка на Република Македонија да ги именува м-р Емилија Нацевска и м-р Ана Митреска.

Во прилог, Ви ги доставувам нивните кратки биографии.

Со почит,

**Гувернер**
**Д-р Анита Ангеловска - Бежоска**

**Народна банка на Република Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108 108 (Централа); 02 3121 144; 3125 388
Факс: 02 3108 357 (Централа); 02 3124 054
e_mail: governorsoffice@nbrm.mk
**www.nbrm.mk**

# КРАТКА БИОГРАФИЈА

## Емилија Нацевска

*Даум и место на раѓање*: 9.6.1963, Охрид.
*Националност*: Македонка.

*Семеен статус*: сопруга и мајка на две деца.

*Работна адреса*: НБРМ, Кузман Јосфовски Питу 1, 1000 Скопје
*Моб.*: 075 250 944
*e-mail*: nacevskae@nbrm.mk

## РАБОТНО ИСКУСТВО

### Релевантни позиции

јули 2010 - денес

*Советник на гувернерот за платни системи и евроинтеграции*,
Народна банка на Република Македонија (НБРМ)
*Поважни активности и одговорности*:

- го следи процесот за интеграција на Република Македонија во Европската унија и ги координира активностите во НБРМ за подготовка на потребните инпути во националните документи поврзани со овој процес: ЕРП, НПАА, извештаите за реализираните активности и други документи;
- ги следи активностите поврзани со процесот за приклучување на НБРМ кон Европскиот систем на централни банки и Евросистемот и придонесува со свои мислења;
- го следи развојот на националниот платен систем со фокус врз неговата усогласеност со стандардите и правилата за работа на платните системи во Единствената европска платежна област (СЕПА) и можностите за натамошен развој;
- учествува во изготвувањето на макроекономските проекции на НБРМ;
- придонесува со свои мислења по прашања поврзани со монетарната политика и финансискиот систем.

јули 2003 - јули 2010

*Вицегувернер на НБРМ*
*Член на Советот на Народната банка на Република Македонија*

*Работни одговорности и позначајни постигнувања*:

февруари 2006 - јули 2010

Вицегувернер задолжен за областите монетарна политика, истражување и статистика.

- Подобрување на процесот на монетарно одлучување и зголемување на транспарентноста и одговорноста на НБРМ за монетарните одлуки: надграден и ставен во употреба модел за среднорочно проектирање, развиена инфраструктура за краткорочно прогнозирање, воспоставен систем на тримесечни макроекономски проекции и нивно редовно објавување во кварталните извештаи.
- Унапредување на статистиката и натамошно усогласување со меѓународните стандарди: за прв пат објавени податоци и временски серии за странските директни инвестиции, за

меѓународната инвестициска позиција, за бруто и нето надворешениот долг и побарувања, ревидирана временска серија на монетарните податоци, воведени нови извори на податоци.

јули 2004 - февруари 2006

Вицегувернер задолжен за оперативно спроведување на монетарната политика, управувањето со девизните резерви, платните системи и трезорското работење.

- Суштински реформи во оперативната рамка на НБРМ со што е зголемена ефикасноста и трансмисионата моќ на монетарната политика.
- Поставување и развој на пазарите преку шалтер и на репо операциите.
- Продлабочување и развој на девизниот пазар и унапредување на интервентната политика на НБРМ: воспоставен електронски информативен систем и платформа за котирање и тргување меѓу банките и на банките со НБРМ, воведени банки поддржувачи на НБРМ за интервенциите на пазарот, поставени интерни правила за интервенции.
- Унапредување на процесот на управување со девизните резерви и зајакнување на процесот на одлучување: поставена стратегија и политика за пласирање базирана на следење и контрола на ризиците, формиран Комитет за инвестирање и постапка на одлучување, започнување со инвестициско тргување.
- Подобрување на правната сигурност во работењето на платните системи и зголемување на ефикасноста на плаќањата, воспоставување на платежната статистика.
- Унапредување на процесот на издавање и ракување со готови пари.
- Обезбедување на потребната инфраструктура за поставување на примарниот пазар на државни хартии од вредност и поддршка на државата за развој на пазарот со издавање трезорски записи за монетарни цели.
- Поставување на задачите - чувар на имот на средствата на првите приватни задолжителни пензиски фондови во поддршка на реформата на пензискиот систем и нивно извршување се до приспособувањето на комерцијалните банки за извршување на овие услуги.

јули 2003 - јули 2004

Вицегувернер задолжен за девизниот сектор според тогашната организациона шема на НБРМ, и
Заменик гувернер со овластување од гувернерот согласно тогашниот закон.

- Подигнување на корпоративното управување во НБРМ како иницијатор и учесник во поставувањето на првата функционална реорганизација на НБРМ, вклучително и на интерните политики и правила, согласно најдобрите практики на современите централни банки.
- Централизација и консолидација на статистичките активности, организациско обединување на макроекономското проектирање.
- Иницијатор за поставување на процесите за обезбедување непрекинатост во работењето и за сигурност на

информативниот систем на институционално ниво согласно меѓународните стандарди.

декември 1997- јули 2003

*Директор*, *Дирекција за платен биланс*, НБРМ.

*Поважни активности и одговорности*:

- Редовна дисеминација на статистиката на платниот биланс и подобрување на процесите за прибирање и обработка на податоците, натамошно усогласување со меѓународните стандарди и унапредување на екстерните статистики.
- Воведување извори на податоци и методолошки основи за воспоставување на статистиката на странските директни инвестиции и на меѓународната инвестициска позиција.
- Одговорна за проекциите на платниот биланс, за анализата на надворешниот сектор и реалниот ефективен курс на денарот.
- Учество во преговорите со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) и Светската банка (СБ);
- Учество во изработката на новата законска и подзаконска регулатива за девизно работење во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и во изработката на нов закон за НБРМ со којшто се изврши значајно зголемување на независноста на централната банка.

мај 1996 - декември 1997

*Раководител*, *Отсек за платен биланс*

*Дирекција за девизно работење*, НБРМ.

*Поважни активности и одговорности*:

- Составување и навремено објавување на платниот биланс, подобрување на опфатот и проширување на изворите на податоци, натамошно усогласување со меѓународните стандарди.
- Подготовка на проекциите на платниот биланс.
- Анализа на надворешниот сектор и реалниот ефективен курс на денарот.
- Учество во преговорите со ММФ.

јануари 1995 - мај 1996

*Стручен соработник*, *Отсек за меѓународни односи и платен биланс*

*Дирекција за девизни работи*, НБРМ.

*Поважни активности и одговорности*:

- Составување и навремено објавување на платниот биланс.
- Анализа на надворешниот сектор и реалниот ефективен курс на денарот.
- Соработка со ММФ околу изготвувањето на проекциите на платниот биланс.
- Поставување инфраструктура за подготовка на проекциите на платниот биланс.
- Учество во изработката на правната рамка за централно банкарските активности и девизниот режим на независна Република Македонија.

март 1993 - јануари 1995

*Девизен аналитичар*, *Отсек за меѓународни односи*

*Дирекција за девизни работи*, НБРМ.

*Поважни активности и одговорности*:

- Составување и навремено објавување на платниот биланс.
- Анализа на надворешниот сектор и поставување методологија за следење на реалниот ефективен курс на денарот.
- Соработка со ММФ околу изготвувањето на проекциите на платниот биланс.
- Одговорна за повлекување на првите кредитни линии и заеми од Светската банка.

ноември 1987 - март 1993

*Помлад девизен аналитичар, Отсек за меѓународни односи Дирекција за девизно работење*, НБРМ.

*Поважни активности и одговорности:*

- Анализа на надворешниот сектор на РМ во состав на СФРЈ.
- Учество во изготвувањето на полугодишните и годишните извештаи на НБРМ.
- Учество во институционалниот процес при монетарното осамостојување на Република Македонија.
- Воспоставување на статистикатаа на платниот биланс на независна Република Македонија.

**Учество во проекти и други позначајни активности во работни тела:**

2004 - денес

Претседател на Националниот совет за платни системи, формиран со Спогодба меѓу гувернерот, министерот за финансии и претседателот на Здружението на банкарството како консултативно и координативно тело за развој и унапредување на платниот систем, составен од претставници на институциите основачи и на други институции вклучени во платниот систем; ги координира активностите за разрешување актуелни проблеми во извршувањето на плаќањата, за унапредување на платните системи преку примена на стандардите и правилата за работа на СЕПА; го организира процесот за подготвка на национална стратегија за развој на платните системи и го следи остварувањето.

2012 - 2013

Иницијатор и координатор на спроведувањето на првиот проект за соработка на НБРМ со Европската централна банка со којшто е извршена целосна анализа на состојбите и потребите на НБРМ во процесите на нејзино приклучување кон Европскиот систем на централни банки и Евросистемот.

2004 г.

Предводник на тимот во НБРМ за подготовка на одговорите по Прашалникот од ЕУ и одговорно лице за координација на активностите поврзани со европската интеграција.

2004 - 2005

Учесник во проектот за реформа на пензискиот систем на Република Македонија.

2003 - 2010

Заменик гувернер за Македонија во Бордот на директори на Меѓународниот монетарен фонд.

2003 г.

Учесник во проектната група за поставување регулатива за услугата брз трансфер на пари.

1999 - 2002

Учесник во проектната група за изработка на нова законска регулатива за девизното работење во согласност со одредбите од

| | |
|---|---|
| | Спогодбата за стабилизација и асоцијација на РМ со ЕУ (ССА), и во проектната група за изработката на нов закон за НБРМ со цел обезбедување на независноста на централната банка согласно барањата на ЕУ. |
| 1998 г. | Учесник во тимската обука за институционално спроведување на одредбите од ССА. |
| 1997 г. | Раководител на проект за воспоставување надворешно-трговска статистика на Република Македонија. |
| 1994 г. | Учесник во активностите за подмирување на достасаните неплатени обврски на Република Македонија кон мултилатералните кредитори како услов за зачленување на земјата во меѓународните финансиски институции (ММФ и СБ) при што успешно го организира повлекувањето на првиот кредит од СБ. |

**ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| 2012 | *Магистер по економски науки*<br>Економскиот институт, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје,<br>*Наслов на магистерскиот труд*: „Улогата на Народната банка на Република Македонија во евро-интеграциониот процес на земјата".<br>Ментор: проф. Д-р Силвана Мојсовска |
| 1986 | *Дипломиран економист*<br>Насока за финансии, сметководство и банкарство<br>Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје. |

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ И КОНФЕРЕНЦИИ**

Посета на голем број семинари и курсеви организирани од центрите за обука на меѓународните финансиски институции и централните банки во областа на макроекономското финансиско програмирање, макроекономските статистики, монетарната политика, девизниот режим, финансискиот систем и политика, платните системи, евроинтеграциските процеси, инстутуционален менаџмент и др.; студиски посети на централната банка на Словенија, Австрија, Бугарија; учество во бројни меѓународни работилници од овие области;

Присуство или учество со свои излагања на значаен број домашни и меѓународни конференции од областа на централнобанкарското работење и финансиските системи.

**ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИЦИ**

| | |
|---|---|
| македонски | мајчин јазик. |
| англиски јазик | одлично говорење, разбирање и пишување. |
| јужнословенски јазици | многу добро говорење, разбирање и пишување. |

**ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА**

| | |
|---|---|
| Microsoft Office | одлично |
| други интерни професионални апликации развивани во НБРМ | одлично |

**БИОГРАФИЈА**

**Ана Митреска**



**Дата и место на раѓање:**
14.04.1977, Скопје

**Адреса:** Ташко Караџа 3/3/10 - Скопје

**Образование:**

2000-2006 година, **последипломски студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје,** тема: „Оптимална монетарна стратегија за мали и отворени економии". Последипломските студии завршени со просечна оцена 9,89.

1995 - 1999 год., **додипломски студии на Економскиот факултет во Скопје,** насока Економија, отсек за финансии и банкарство, дипломиран економист. Додипломските студии завршени со просечна оцена 9,82.

**Познавање јазици:**

Англиски (одлично познавање), германски (основно познавање)

**Познавање компјутерски софтвери:**

MS Office, EViews, Stata

**Работно искуство:**

**Од јануари 2011 година досега, директор** во Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка на Република Македонија. Го координира, организира и унапредува работењето на Дирекцијата во доменот на редовните извештаи и останатите аналитички истражувања. Воведува нови концепти и дефинира насоки во текот на извршувањето на редовните активности. Дава мислење за среднорочните проекции на Народната банка и за нивната конзистентност со резултатите од краткорочното прогнозирање. Активно учествува во формулирањето на предлозите за промени во монетарната политика, како и во дискусиите поврзани со ова прашање преку членството во Комитетот за оперативна монетарна политика. Учествува и ја координира работата на проектни активности во Дирекцијата, при што во своето портфолио има повеќе проектни активности од областа на монетарната и фискалната политика, меѓународната економија, банкарството и корпоративните финансии. Овие активности, во голем дел се публикувани во форма на бројни научни и стручни трудови. Во рамки на својот работен ангажман има директно учество во дискусиите со меѓународните финансиски институции и рејтинг агенциите. Како дел од Дирекцијата за монетарна политика и истражување, во повеќе наврати е ангажирана како гостин-предавач на домашните високообразовни институции на додипломските и последипломските студии.

**мај 2004 -декември 2010 година**, заменик директор во Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка на Република Македонија.

**јануари 2004 - мај 2004 година**, раководител на Отсекот за истражување, подоцна во Отсекот за монетарни двиеења во Дирекцијата за монетарна политика и истражување.

**март 2000 - јануари 2004 година**, помлад статистичар, статистичар, истражувач и виш истражувач во Дирекцијата за монетарна политика и истражување.

**Од ноември 1999 година до март 2000 година**, помлад ревизор во Македонски ревизорски центар, Скопје

**Учество на семинари и конференции**

Во текот на работниот ангажман во Народната банка својата еспертиза ја надоградува преку учество на голем број меѓународни семинари организирани од меѓународни финансиски институции и централни банки, обуки за меки вештини, како и конференции на коишто зема активно учество. Преку овие обуки се стекнува со практични вештини и знаења, неопходни за квалитетно извршување на задачите поврзани со формулирањето на монетарната политика и истражувачката активност во Народната банка. Преку обуките за меки вештини

ги зајакнува способностите за активна и асертивна комуникација и делување во работната околина, како неопходен предуслов за создавање на позитивен амбиент за работа.

1. "Money and Banking Statistics", IMF Seminar in Vienna, 26.06.2000-16.07.2000;
2. "Discover of a Financial Center:, FTTA Seminar in Luxembourg, 15.10.2001-23.10.2001;
3. "Financial Markets and Stock Exchange in Germany, Deutsche Bundesbank Seminar in Frankfurt, 09.12.2001-14.12.2001;
4. "Monetary Policy and Operations", Bank of England Seminar in London, 18.02.2002-26.02.2002;
5. "Financial Programming and Policies", IMF Seminar in Washington, 23.09.2002-15.11.2002;
6. "Operational Monetary Policy", Dutch Central bank Seminar in Amsterdam, 09.04.2003-12.04.2003;
7. "Promoting Monetary Stability", BIS Seminar in Vienna, 15.12.2003-19.12.2003;
8. "Forecasting Models for Macroeconomic Policy", World Learning and USAID Seminar in den Haag, 15.09.2003 - 20.09.2003;
9. "Monetary Theory and Monetary Policy", Central bank of Switzerland Seminar in Gerzensee, 16.03.2004-01.04.2004;
10. "Issues in Exchange Rate Policies", IMF Seminar in Vienna, 07.08-11.08.2006;
11. "Applied Economic Research in Central Banks", Deutsche Bundesbank Seminar in Frankfurt, 13.11-17.11.2006;
12. Oesterreichische Nationalbank (OeNB) Seminar on "Real Convergence and Monetary Policy Issues for Countries on their Way to the EU" January 22 - 26, 2007;
13. EViews, Follow Up, Seminar held in NBRM, TA from IMF (July, 2007).
14. " Economic Conference on central, eastern and south-eastern Europe", ECB, October, 2007; Presentation given, tackling the issue of: "Real Convergence and Monetary Policy: Macedonian Case"
15. "Macroeconomic Diagnostics", IMF, April 2008
16. "Inflation Targeting", CNB, May, 2009
17. Macroeconomic Modelling and Forecasting, Bank of Italy, July, 2010
18. "Policy options and Adjustments for small and open economies, in times of crisis", BNB, November 2010
19. 3rd Bank of Greece Workshop on Economies of Eastern European & Mediterranean Countries
20. "Modern Monetary Economics", IMF, June 2011

21. "South – Eastern Europe Workshop" – Central bank of Greece
22. Monetary Transmission Mechanism in Transition Countries" – Central bank of Switzerland, May 2013
23. "Banking Supervision for Non-supervisors", IMF, March 2014
24. Monetary Policy in Developing Economies –Workshop, central bank of Turkey, May 2014
25. "Unconventional Monetary Policy - Professional Courses" – Barcelona School of Economics, May 2015
26. "Macroprudential Polices " IMF, June 2016
27. The transmission mechanism of new and traditional instruments of monetary and macroprudential instruments, central bank of Belgium, October 2016
28. "14th Annual NBP-SNB Joint Seminar on monetary policy spillovers",Central bank of Switzerland, May 2017
29. "Central Bankers Certificate Program", Central bank of Netherlands and Central bank of Armenia, May 2017